Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 03-305/1
17.03 2025 год.
Новаци

СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈА И ДРЖАВНАТА УПРАВА НА МАКЕДОНИЈА-Скопје
Подружница
Синдикална организација на општина Новаци
Бр. 03-8/1
17.03. 2025 год.
НОВАЦИ

СИНДИКАТ НА АДМИНИСТРАЦИЈА, ДРЖАВНА УПРАВА И ПРАВОСУДСТВО НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-27/1
17.03. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Републока Северна Македонија“ број 143/19, 14/20 и 208/24) член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 6/17 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 203 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2005, 3/2006, 44/2006, 66/2006, 16/2007, 57/2007, 77/2007, 106/2008, 161/2008, 63/2009, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 10/10, 16/10, 50/10, 52/10, 58/10, 124/10, 132/10, 158/10, 47/11, 11/12, 39/12, 52/12, 13/13, 25/13, 54/13, 170/13, 187/13, 34/14, 106/14, 113/14, 145/14, 20/15, 33/15, 72/15, 74/15, 129/15, 167/15, 27/16, 134/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/19, 151/21, 288/21, 111/23 и 39/25), ОПШТИНА НОВАЦИ, претставувана од градоначалникот Стевче Стевановски, Синдикалната организација на Општина Новаци, претставувана од Игорче Ристески и претседателот на САДУ, Благоја Ралповски, на ден 17.03.2025 година, склучија

КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР НА ОПШТИНА НОВАЦИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на колективниот договор

Член 1

(1) Со овој Колективен договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите и други прашања во врска со работниот однос на вработените на Општина Новаци.
(2) Овој Колективен договор не се однесува на вработените во општинските основни училишта, јавните установи и јавните претпријатија основани во Општина Новаци.

Работодавач и вработени

Член 2

(1) Работодавач во смисла на овој Колективен договор е Општина Новаци (во натамошниот текст: работодавач).

(2) Вработени во смисла на овој Колективен договор се вработените кои засновале работен однос во Општина Новаци, кои согласно Законот за административни службеници имаат статус на државни службеници, кои согласно Законот за инспекциски надзор имаат статус на инспектори и други вработени кои вршат помошно – технички работи.

(3) Синдикат во смисла на овој Колективен договор е Синдикатот на администрацијата и државната управа на Македонија (САДУ), претставуван од претседателот на Синдикатот и од претседателот на Синдикалната организација на Општина Новаци (во натамошниот текст: Синдикатот).

Примена на Колективниот договор

Член 3

(1) Овој Колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените на негова непосредна примена.

(2) Овој Колективен договор е задолжителен и ги обврзува вработените кои се членови на репрезентативниот Синдикат во општината и вработените кои дополнително станале членови на Синдикатот, или дополнително му пристапиле по потишување на изјавата согласно Законот за работните односи, како и административните службеници и другите вработени кои не се членови на синдикатот.

Член 4

(1) Со овој Колективен договор можат да се утврдат само поголеми и поповолни права од правата од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за локална самоуправа, Законот за работните односи, друг закон, Општиот и Гранскиот Колективен договор за јавниот сектор или друг Колективен договор, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.

(2) Одредбите од овој Колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со актите од став 1 од овој член се ништовни.

(3) Со поединечните колективни договори или со договорите за вработување може да се утврди поголем обем на права за вработените, како и да се уредат прашања кои не се предмет на уредување согласно овој Колективен договор.

Член 5

(1) Вработениот во сите случаи кога врши работа која не е предвидена со договорот за вработување, има право на плата и надоместоци на плата кои ги примал на неговото работно место, односно плата и надоместоци кои за него се поповолни и се пропорционално исплатени со времето поминато на другото работно место или вршењето на дополнителните работи, зголемена за 25% од платата на неговото работно место.

(2) Синдикалната организација при Општина Новаци потписник на овој Колективен договор, со свој претставник учествува во процесот на спроведување на вертикална

функционална анализа, изготвување на правилници за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и на нивните измени и дополувања.

II. ПРАВА НА ВРАБОТЕНИТЕ И НИВНА ПОЛОЖБА

Работно време

Член 6

(1) Работното време на административните службеници во општината започнува во 7:30 часот, а завршува во 15:30 часот, со можност за време на летното сметање на времето да започнува во 7:00 часот, а да завршува во 15:00 часот.
(2) Работното време на вработените во општината кои вршат помошно – технички работи започнува во 6:30 часот, а завршува во 14:30 часот.
(3) Работното време кај работодавачот согласно потребите на службата може да биде флексибилно во однос на почнувањето и завршувањето на работното време за вработените, а со претходна писмена согласност од Синдикатот.

Прекувремена работа

Член 7

Прекувремената работа, скратеното работно време, дополнителното работење и забраната за подолго работно време на административните службеници и другите вработени во општината на неделно и на годишно ниво може да трае најмногу за времето и во случаите утврдени со Законот за работни односи. Прекувремената работа на неделно ниво не може да трае подолго од 8 часа неделно и 190 часа на годишно ниво.

Паузи, одмори и отсуства

Член 8

(1) Административните службеници и другите вработени во општината имаат право на паузи, одмори и отсуства од работа, согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи како и според другите и овој Колективен договор.
(2) Паузата во текот на дневната работа, во траење од 30 минути вработениот ја користи во предвиденото време од 10:00 до 10:30 часот или од 10:30 до 11:00 часот.
(3) Во случаи каде според карактерот и природата на работите и задачите не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира на начин кој обезбедува работата да не се прекинува, а вработениот да го оствари непречено своето право.
(4) Времето на паузата од овој член се засметува во работното време и за истото се исплаќа плата.

Годишен одмор

Член 9

(1) Административниот службеник и друг вработен во општината има право на платен годишен одмор од најмалку 20 работни дена.
(2) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.
(3) Начинот на користење на критериумите за времетраењето на годишниот одмор се утврдени со овој Колективен договор.

Критериуми за утврдување на годишнниот одмор

Член 10

(1) Годишниот одмор на вработениот од член 9 од овој Колективен договор се определува според следните критериуми:

- Должина на работен стаж
  - над 1 година до 10 години работен стаж: 1 работен ден;
  - над 10 години до 20 години работен стаж: 2 работни дена;
  - над 20 години работен стаж: 3 работни дена.
- Сложеност на работа, согласно нивото на степенот на образование
  - работи од I – III степен на сложеност: 1 работен ден
  - работи од IV – V степен на сложеност: 2 работни дена
  - работи од VI – VIII степен на сложеност: 3 работни дена
- Други социјални и здравствени околности
  - лице со телесна попреченост: 3 работни дена
  - работник со најмалку 60% телесно оштетување: 3 работни дена
  - самохран родител или старател со дете до 15 години: дополнителни 3 работни дена
  - самохран родител, родител или старател со дете со попреченост: дополнителни 5 работни дена.

(2) Повозрасен работник со наполнети 57 години за жени и 59 години за мажи има право на уште 3 работни дена годишен одмор.

Член 11

(1) Годишниот одмор се определува со решение за користење на годишен одмор за секој вработен поединечно, со кое се утврдува должината на годишниот одмор и критериумите врз основа на кои е определена должината на годишниот одмор.
(2) Решението до став 1 на овој член мора да му се достави на вработениот, најдоцна 30 дена пред денот на отпочнувањето на користењето на првиот дел од годишниот одмор.
(3) Против ова решение вработениот има право на приговор.

Платено отсуство

Член 12

(1) Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до 9 (девет) работни дена во текот на календарската година и тоа за:
- склучување на брак: 3 работни дена;
- склучување на брак на дете: 3 работни дена;
- раѓање или посвојување на дете (само за таткото): 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете: 5 работни дена;
- смрт на родител, брат, сестра: 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник: 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба: 2 работни дена;
- здравствена грижа (прегледи во здравствени установи) за тешко болен брачен другар, дете или родител: до 5 работни дена;
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот: 3 работни дена;
- полагање на правосуден испит, магистратура или докторат: до 5 работни дена;
- селидба на семејството од едно во друго место: 3 работни дена;
- елементарни непогоди и климатски неповолен настан: 5 работни дена;
- елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот): 3 работни дена;
- семеен верски празник: 1 работен ден;
- семејни прослави (јубилејни прослави на брак, прослави на матурирање, дипломирање и сл.): 1 работен ден;
- прв ден на прваче: 1 работен ден;
- доброволно дарување на крв: денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена;
- за учество на синдикални активности на вработените организирани од страна на синдикатите: деновите на одржување на тие активности;

(2) Отсуството од работа поради личните и семејните околности од став 1 од овој член се користи во деновите на траење на основот.

Член 13

Вработените кои се доброволни дарители на крв имаат право на два слободни дена за секое дарување на крв, кои треба да се искористат во рок од 3 (три) месеци од денот на дарувањето на крв, односно во рок од 1 (една) година ако дарувале крв во рамки на акција организирана од Општина Новаци.

Неплатено отсуство

Член 14

(1) Вработениот има право на отсуство од работа без надоместок на плата и придонеси на плата најдолго 3 (три) месеци во текот на календарската година во следните случаеви:

- за нега на болен член на семејството;
- за лекување со сопствени средства, непризнаени од Фондот за здравствено осигурување на Република С. Македонија, на своја сметка;
- за патување во странство;
- за изградба, доградба или поправка на куќа или стан;
- за учество на спортски или други манифестации што не се дел од синдикалните активности;
- за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикалните активности или не се за потребите на работодавачот;
- за подготовка на правосуден испит;
- за подготовка на магистерски труд или докторати;
- за други неодложни лични работи.

(2) Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на писмено барање од страна на вработениот до работадавачот, во кое се наведува основот за неплатено отсуство и времето на отпочнувањето на користењето на отсуството.
(3) За користење на неплатеното отсуство се донесува решение, најдоцна 1 ден пред користењето на неплатеното отсуство.
(4) На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

Мирување на работниот однос

Член 15

(1) Работниот однос мирува во случаите определени со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.
(2) Во случај на престанок на причините за мирување на работниот однос, вработениот е должен да се врати на работа во рок од 15 дена и да биде распореден најмалку на истото ниво на кое бил пред започнување на мирувањето.

Должност за извршување н работата и работните задачи

Член 16

(1) Административниот службеник и другите вработени во локалната самоуправа може да се распоредат да извршуваат работни задачи кои не се во описот на нивното работно место согласно актот за систематизација на работни места најдолго во траење од 30 (триесет) дена.
(2) Непосредно претпоставениот може да определи државниот службеник или друг вработен во локалната самоуправа да извршува други работи и работни задачи кои не се во описот на неговото работно место со писмено задолжение кое мора да има образложение и да биде одобрено од градоначалникот.
(3) На државниот службеник во ниту еден случај не може да му се наложи да врши други работи и работни задачи кои не влегуваат во описот на неговото работно место ако:

- работата може да ја изврши службеник кој што е распореден на соодветното работно место;
- работата може да се заврши со прераспределба на работното време на лицата кои веќе ја работат работата;
- работата не е итна, до враќање на отсутниот службеник.

III.ЗАШТИТА И БЕЗБЕДНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ НА РАБОТА

Член 17

(1) Вработените имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.
(2) Работодавачот е должен да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со закон и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

Член 18

Работодавачот е должен да обезбеди редовни медицински прегледи на секои 24 месеци заради откривање на професионални и други заболувања и нивно ефикасно лекување.

Член 19

(1) Во спроведувањето на мерките за заштита при работа, Синдикатот има право и обврска да:
- даде мислење во врска со планирањето, подобрувањето и унапредувањето на условите при работа;
- биде информиран и да се грижи за примената на прописите за безбедност и здравје при работа
- да ги информира и да бара заштита на вработените од страна на инспекцискиот орган за безбедност и здравје при работа, кога работодавачот пропушта, или одбива да го направи тоа.

(2) За остварување на правата утврдени во Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот е должен на претставникот на Синдикатот да му ги обезбеди сите услови и можности.
(3) Синдикатот, односно синдикалната организација започнува постапка пред надлежните органи, доколку работодавачот не ги преземе пропишаните мерки и средства за заштита на вработените при работа.

IV. Плата, надоместоци на плата и други примања

Општи одредби за платата на вработените

Член 20

(1) Вработениот има право на плата, надоместоци и додатоци на плата согласно закон, општите прописи за работни односи, општиот Колективен договор, гранскиот Колективен договор и овој поединечен Колективен договор.
(2) Платата на вработен кој работи со полно работно веме и нормален учинок не може да биде пониска од минималната плата.
(3) Вработениот има право и на 13-та плата, во висина и под услови утврдени со овој Колективен договор.
(4) Вработениот кој работи помалку од полното работно време (скратено работно време), во согласност со прописите за пензиско и инвалидско осигурување и прописите за здравствено осигурување ги остварува правата од задолжително социјално осигурување како кога би работел со полно работно време.
(5) Вработениот од ставот (3) на овој член има право на плаќање за работата како и вработен кој работи полно работно време, односно како кога би работел со полно работно време.
(6) Платите, надоместоците и додатоците на плата на вработениот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, Буџетот на Општина Новаци и други извори на средства утврдени со закон.
(7) Синдикалниот претставник учествува во процесот на подготвување на Буџетот на работодавачот, во делот за ставките од Буџетот од кои се исплаќаат платите и другите надоместоци за вработените.
(8) Платата на вработениот се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно, надоцна до 15-тиот ден во тековниот месец за претходниот месец.
(9) Придонесите и данокот на личен доход на вработениот ги плаќа работодавачот, со испата на платата во согласност со закон.
(10) Работодавачот е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на вработените им се издава потврда дека се исплатени, надоцна до 1 Февруари во тековната година, за претходната година.

Плата на вработените кои вршат помошно – технички работи

Член 22

(1) Платата на вработените во општината кои вршат технички и помошни работи со полно работно време, не може да биде пониска од минималната плата во РСМ.
(2) Платата на вработените кои вршат технички и помошни работи е составена од:
- основна плата
- додатоци на плата

- коефициент за усогласување на минималната плата согласно Законот за имени и дополнување на Законот за минимална плата во РСМ.

(3) Основната плата пресметана согласно ставовите 1 и 2 на овој член се зголемува за 4.700,00 денари во бруто износ.

(4) Основната плата на вработените кои вршат помошно – технички работи се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.

Плата на вработените со статус на државни службеници и инспектори

Член 23

(1) Платата на вработените со статус на државни службеници и инспектори се состои од основна компонента и исклучителна компонента.

(2) Основната компонента на платата за вработените со статус на државни службеници и инспектори ја сочинуваат:
- минималната плата
- дел на плата за степен на образование
- дел на плата за ниво и
- дел на плата за стаж.

(3) Делот на плата за степенот на образованието кој е законски минимум за соодветното ниво на работно место се вреднува на следниот начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ	БОДОВИ
Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен	56
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС	31
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование	11
Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно образование	1

(4) Делот на плата на нивото на кое е распореден државниот службеник односно инспекторот се вреднува на следниов начин:

НИВО	БОДОВИ
А4 – секретар од четврто ниво	424
Б2 – раководен административен службеник од второ ниво	323
Б3 – раководен административен службеник од трето ниво	233
Б4 – раководен административен службеник од четврто ниво	172
В1 – стручен административен службеник од прво ниво	106
В2 – стручен административен слубеник од второ ниво	71

В3 – стручен административен службеник од трето ниво	56
В4 – стручен административен службеник од четврто ниво	25
Г1 – помошно-стручен административен службеник од прво ниво	15
Г2 – помошно-стручен административен службеник од второ ниво	10
Г3 – помошно-стручен административен службеник од трето ниво	5
Г4 – помошно-стручен административен службеник од од четврто ниво	1

(5) Бодовите на плата во делот на образованието за државниот службеник со ниво на квалификациите VI Б, односно стекнати 180 кредити според ЕКТС, кој засновал работен однос во институција заклучно со денот на започнувањето со примената на законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14), ќе се вреднуваат со 112 бода.

(6) На делот на плата за нивото се додаваат и бодовите за стекнат степен на кариера.

(7) На вработените со статус на државни службеници им се додаваат бодови заради усогласување со порастот на минималната плата на следниов начин:

НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ/ОБРАЗОВАНИЕ	БОДОВИ
Ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен	56
Ниво на квалификации VI Б или 180 кредити според ЕКТС	56
Ниво на квалификации V А, 60 до 120 кредити според ЕКТС или вишо образование	41
Ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно образование	9

(8) Платата пресметана согласно ставовите 3, 4, 5, 6 и 7 од овој член се зголемува за 4.700,00 денари во бруто износ.

(9) Исклучителната компонента на платата на вработените со статус на државни службеници и инспектори ја сочинуваат:

- додаток на плата за посебни услови за работа, и тоа за работа изложена на висок ризик или за работа со специфични должности и работни задачи;
- додаток на плата заради прилагодување на пазарот на труд и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, работа во недела и прекувремена работа.

Додаток на плата заради усогласување со пазарот на труд

Член 24

(1) Вработените со статус на државни службеници имаат право на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот, за што градоначалникот во соработка со Советот на Општина Новаци може да одобри додаток на плата.
(2) Барањето за одобрување на додатокот од ставот (1) од овој член треба да биде засновано на анализа која ќе покаже дека:
- платите на пазарот на трудот за таквите работни места се значително повисоки од платите на државните службеници кои извршуваа исти работи;
- вработувањето е отежнато или стапката на напуштање на работните места е неприфатливо висока;
- пазарот на трудот нуди ограничен број на квалификувани поединци за таквата работа или
- административните службеници биле подложени на повеќегодишно стручно усовршување и нивното напуштање на работното место би предизвикало големи фискални импликации на општината.

Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, работа во недела и прекувремена работа

Член 25

(1) Вработениот има право на додаток на плата за:
- ноќна работа;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон;
- работа во недела и
- работа подолга од полното работно време.
(2) Основната плата на вработениот по час се зголемува за:
- ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во ден од неделен одмор 35%;
- работа во недела 50% и
- работа во три смени и работа во поделено работно време 5%.
(3) За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.
(4) Додатоците меѓусебе не се исклучуваат.
(5) По исклучок, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови, колку што бил ангажиран за работата надвор од редовното работно време.

Надоместување на трошоци поврзани со работата

Член 26

(1) Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно општите прописи за работните односи и овој Колективен договор, и тоа за:
- службено патување (патни, дневни, и други трошоци за службени патувања во земјата и странство);
- теренски надоместок (трошоци за работа на терен) во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и слично);
- користење на приватен авомобил за службени патувања;
- смрт на вработениот или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување);
- штета од елементарни непогоди;
- трошок при подолго боледување на вработениот;
- регрес за годишен одмор;

(2) Дневниците за службени патувања и теренскиот надоместок, меѓусебно се исклучуваат.

(3) Вработениот има право на отпремнина при одење во пензија, како и јубилејни награди. Висината, основицата и рокот за пресметување и исплата на надоместокот на овие трошоци се утврдува со закон и со овој Колективен договор.

Член 27

Основицата за пресметување на надоместоците на трошоците поврзани со работа претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата година, освен за дневниците за службени патувања во земјата и за теренскиот надоместок, кои се пресметуваат во фиксни износи, утврдени со овој Колективен договор.

Дневница за службено патување во земјата

Член 28

(1) На вработениот за време на службено патување во земјата му се надоместуваат трошоци за дневница, трошоците за превоз, трошоците за паркинг со службено возило и трошоците за ноќевање.

(2) Дневница за службено патување до часот на враќање со превозното средство и тоа:
- дневница во висина од 700,00 денари, ако службеното патување траело повеќе од 12 часа и
- дневница во висина од 350,00 денари ако службеното патување траело од 8 до 12 часа.

(3) Средствата за службено патување во земјата треба да се предвидат во Буџетот на Општина Новаци.

Дневници за службено патување во странство

Член 29

(1) На вработениот му се надоместуваат издатоци за службено патување во странство, согалсно Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, во висина на износите уврдени со Решението за највисоките износи на дневниците за службени патувања во странство и за селидбени трошоци што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

(2) Износот на дневницата за службено патување во странство се исплатува:
- 50% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на работодавачот;
- 20% од утврдената дневница ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на работодавачот и
- 5% од утврдената дневница ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на работодавачот, а престојот е над 30 дена. Под стручно оспособување и усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

(3) Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува на следниот начин:
- една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

(4) Средствата за службено патување во странство треба да се предвидат во Буџетот на Општина Новаци.

Теренски надоместок

Член 30

(1) Вработениот по налог на работодавачот работи или престојува на терен има право на посебен надоместок поради зголемените трошоци за живот (теренски надоместок).

(2) За работа на терен во смисла на овој договор, се смета секоја работа која трае подолго од десет дена, а се одвива надвор од местото на седиштето на работодавачот.

(3) Износот на теренскиот надоместок изнесува дупла дневница за секој поминат ден на терен.

(4) Ако на работникот му е обезбедено бесплатно сместување, теренскиот надоместок се намалува за 50%, а доколку покрај сместувањетому е обезбедена и бесплатна исхрана, тогаш работникот нема право на посебен теренски додаток.

(5) Теренски надоместок не се исплаќа доколку местото во кое е упатен вработениот на работа е оддалечено помалку од 100 километри од местото на седиштето на работодавачот.
(6) На вработените кои користат теренски надоместок не им следува надоместок за трошоците за превоз заради посета на потесното семејство.

Надоместок за користење на приватен автомобил за службени патувања

Член 31

Вработениот кој по налог на работодавачот се упатува на службено патување со користење на сопствено возило има право на надомест во висина од 30% од цената на литар гориво што го користи возилото за секој изминат километар.

Право на парична помош

Член 32

(1) Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од две основици.
(2) На вработениот, во случај на смрт на член од потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и децата земени на идржување), му се исплаќа надоместок во износ од една основица.

Член 33

Во случај на непрекинато боледување подолго од 6 месеци на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна просечна нето плата исплатена кај работодавачот.

Член 34

Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош во висина од најмалку две основици од просечната нето плата во РСМ.

Право на регрес за годишен одмор

Член 35

(1) Вработениот има право на регрес за годишен одмор во износ од најмалку 80% од една основица до максимум една основица, под услов вработениот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај работодавачот.
(2) Основицата претставува просечната нето плата во РСМ исплатена во последните три месеци.
(3) Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината, а најдоцна до 15 Август во тековната година.

(4) Правото на регрес за годишниот одмор има и вработениот кој во текот на календарската година се вработил кај друг работодавач во смисла на овој Колективен договор.

Отпремнина

Член 36

Вработен кој заминува во пензија, има право на отпремнина во висина од две основици од просечната месечна нето плата во РСМ исплатена во последните три месеци.

Јубилејна награда

Член 37

(1) За непрекината работа кај ист работодавачот, вработениот има право на јубилејна награда за навршени 10, 15, 20, 25, 30, 35 и 40 години.
(2) Висината на јубилејната награда изнесува:
- за 10 години – 100% од основицата
- за 15 години – 125% од основицата
- за 20 години – 150% од основицата
- за 25 години – 175% од основицата
- за 30 години – 200% од основицата
- за 35 години – 225% од основицата
- за 40 години – 250% од основицата

(3) Основицата претставува просечна месечна нето плата во РСМ исплатена за претходната година.
(4) Јубилејната награда се исплаќа во годината кога се остварува правото.

Плата за време на годишен одмор и специјализирана обука

Член 38

За време на користење на годишниот одмор или обука за стручно усовршување на која е упатен од страна на работдавачот, вработениот има право на плата во висина што би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

Плата за време на суспензија

Член 39

Вработениот кој врз основа на решение е суспендиран од работадавачот, за времетраење на суспензијата има право на плата во износ од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

Плата за време на штрајк

Член 40

(1) За време на штрајк вработениот има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил во претходниот месец и придонеси од плата во цел износ.

13-та плата

Член 41

(1) Работодавачот може да исплати и 13-та плата.
(2) Висината на 13-тата плата ќе се утврди помеѓу работодавачот и претставник од Синдикалната организација и ќе биде линеарно распределен во висина не помала од 60% од основицата.
(3) Основицата претставува просечната нето плата во РСМ исплатена во последните три месеци.
(4) Исплатата ќе се врши во месец декември од тековната година.

V. Информирање на вработените

Член 42

(1) Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на претставниците на синдикалните организации при Општина Новаци за:
- процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот;
- изготвување на правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места;
- општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обврските на вработените;
- решенија што влијаат на економската и социјалната положба на вработените;
- одлуки со кои се утврдуваат правата и обврските на вработените;
- други прашања од заеднички интерес согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа;

(2) Информирањето се врши по писмен пат.
(3) За сите прашања наведени во ставот (1) на овој член работодавачот е должен да го извести претставникот на репрезентативниот синдикат.

VI. Услови за работа и делување на синдикалните организации

Член 43

(1) Работодавачот е должен да создаде услови за работа на синдикалната организација при Општина Новаци, во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон, овој или друг Колективен договор.

Член 44

(1) На претставниците на синдикалната организација им се овозможува непосредна комуникација со раководното лице на работодавачот, лице овластено од раководното лице на работодавачот или работодавачот.

(2) На барање на претставникот на синдикалната организација, работодавачот доставува податоци и информации за оние прашања кои што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на членовите на синдикатот (вработените) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на вработените.

Член 45

(1) На претседателот на синдикалната организација и на неговиот заменик им се овозможува непречено комуницирање со одговорното лице на органот/општината.

(2) На членовите на извршниот одбор на синдикалната организација им се овозможува непречено комуницирање со раководните службеници, претседателот на Советот и градоначалникот кога тоа е неопходно за остварување на правата на работниците, функционирањето и активностите на синдикатот.

(3) Синдикатот изготвува список на синдикални претставници – членови на извршниот одбор на синдикалната организација и го доставува до градоначалникот и претседателот на Советот, раководителот на органот односно до соодветната организациона единица.

Член 46

(1) На барање на синдикатот, работодавачот на претседателот на синдикалната организација и на неговиот заменик им овозможува и обезбедува стручни, административни и технички услови за работа заради остварување на синдикалните функции како:
- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило или гориво за службени патувања;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- канцеларија за работа;
- простор за одржување на синдикални состаноци и
- други услови неопходни за функционирање на синдикалната организација.

(2) Доколку постојат финансиски можности, работодавачот може да издвои средства како финансиска поддршка за синдикалните потреби и активности по претходно доставено барање.

Член 47

(1) За остварување на финансиско – сметководствени работи на синдикалната организација се обезбедува пресметка и уплата на синдикална членарина по

доставување на писмено известување од синдикатот за висината на членаринатa. Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.

(2) Членаринатa од членовите на синдикалната организација на Општина Новаци се исплаќа на сметката на синдикатот на Општина Новаци.

(3) Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка на оние членови кои имаат извршено набавка на производи и стоки на рати преку синдикатот.

(4) Средствата од задршката на плати на членовите кои имаат извршено набавка на производи и стоки на рати преку синдикатот, во претходна консултација со синдикатот и работодавачот, се префрлаат на сметка на синдикатот кој понатаму ќе врши плаќање на ратите или работодавачот ја врши уплатата на личните обврски на членот на синдикатот.

(5) Вработениот при стапување во синдикатот потпишува пристапница.

(6) Претседателот на синдикатот врз основа на пристапницата го известува работодавачот и службите за финансиско – сметководствени работи кои ја одвојуваат и пресметуваат членаринатa.

(7) Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку претседателот на синдикалната организација уредно и навремено достави пристапница и одлуката од став (1) на овој член.

(8) Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членаринатa на одреден вработен само со претходно писмено известување од синдикатот во кој членува вработениот.

(9) Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

Член 48

(1) Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации, спортски игри и средби кои ги организира синдикатот.

(2) Работодавачот и синдикатот можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулиран начинот на остварување на правата од ставот (1) од овој член.

Член 49

(1) Претседателот на синдикалната организација, неговиот заменик, членовите на органите на синдикалната организација и повереницие кои учествуваат во работата на синдикатот имаат право на посебна заштита утврдена со Закон за работните односи и колективните договори.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член за време на нивниот мандат и две години од истекот на мандатот не можат да добијат отказ и без нивна согласност не може да бидат распоредени на друго работно место, за синдикална активност, освен за дисциплинска одговорност по сторен дисциплински престап или ако му престане работниот однос по сила на закон.

(3) Лицата од ставот (1) од овој член, работодавачот треба да им овозможи ефикасно вршење на функциите на синдикатот, за учество на синдикалните состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски игри и други синдикални

активности согласно статутот и програмата за работа на синдикатот со платено отсуство од работа за време на посочените активности, и тоа:

- за претседателот и заменикот на синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикални органи и тела до 5 часа месечно;
- за повереник на синдикалната организација до 32 часа месечно.

(4) По предлог на претседателот на синдикалната организација и други членови на синдикалната подружница може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго од 24 часа месечно.

(5) Членовите на синдикалната организација имаат право на платено отсуство од работа за учество на синдикални спортски игри, семинари, конференции, работилници, синдикални школи во траење од 10 работни дена годишно. Овие денови не се смеаат заедно со деновите за отсуство предвидени со членот 12 од овој Колективен договор.

VII. Остварување на правото на штрајк

Член 50

(1) Правото на штрајк вработениот го остварува во согласност со Законот на работните односи, Законот на вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за локалната самоуправа, актите на синдикатот и ово Колективен договор.

(2) Штрајкот мора да биде писмено најавен кај работодавачот. Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да бидат наведени причините за штрајкот, местото на одржување на штрајкот, времетраењето, денот и времето на почетокот на штрајкот.

(3) При остварување на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на органите и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.

(4) Штрајкот мора да биде организиран на начин на кој нема да се оневозможува, или попречува организирањето и одвивањето на работниот процес за вработените кои не учествуваат во штрајкот, забрана за влез на вработените и на одговорните лица во деловните простории на работодавачот.

(5) Градоначалникот на општината заедно со претседателот на синдикалнат организација спогодбено подготвуваат и донесуваат правила со кои се определува начинот на извршување на надлежностите, односно дејностите од јавен интерес на работодавачот за време на штрајк (кои не можат да се прекинат), бројот на вработени кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк.

(6) Доколку градоначалникот на општината и претседателот на синдикалната организација не се договорат во врска со ставот (5) од овој член, тогаш како работни задачи кои не смеат да се прекинат за време на штрајк ќе се сметаат само работите кои се нужни, а со чие прекинување би се предизвикала несразмерна штета на државата,

граѓаните и работодавачот, која не би можела да се надомести со ниту една дополнителна мерка или активност по завршување на штрајкот.

Член 51

(1) За време на штрајк вработените во општината имаат право на плата согласно членот 40 од овој Колективен договор.
(2) За време на штрајк, работодавачот е должен на вработените да им исплаќа придонеси на плата во цел износ утврдени со посебните прописи и овој Колективен договор кои му припаѓаат на вработениот за време на штрајк, доколку штрајкот е организиран согласно закон и правилата на синдикатот.
(3) Вработените кои учествуваат во штрајк, не смеат да бидат ставени во понеповолна положба од другите вработени, поради нивното учество во штрајк.
(4) Работодавачот во ниту еден случја и по ниту еден основ не може да го ограничи правото на штрајк, директни или индиректно да влијае на волјата на вработените, ниту пак преку други лица да презема активности за спречување на штрајкот.
(5) Доколку веќе започнатиот штрајк се прогласи за незаконски, работодавачот не смее да даде откази на ниту еден вработен по основ на учество на штрајкот.

Член 52

(1) Пред започнување на штрајкот, синдикатот и работодавачот се должни да отпочнат постапка за мирење најдоцна 7 (седум) дена пред започнување на штрајкот.
(2) Страните во постапката за мирење учествуваат со добра волја и превземаат дејствија за надминување на причините за штрајк.
(3) Постапката за мирење трае до 3 дена.
(4) Доколку во постапката за мирење не е постигнат договор по прашањата кои се причина за штрајкот, штрајкот може да започне.
(5) Доколку во постапката за мирење се постигне договор меѓу страните, се склучува спогодба меѓу страните, со чие потпишување најавата за штрајк се повлекува.
(6) Постапката за мирење се води согласно Законот за мирно решавање на работните спорови.

Член 53

Организаторот на штрајкот за времетраењето на веќе започнат штрајк, може истовремено да преговара со градоначалникот или лице овластено од него за решавање на спорните прашања кои се причина за штрајк.

VIII. Одговорност за вршење на работите и работните задачи

Член 54

(1) Вработените во општината се лично одговорни за вршењето на работите и работните задачи на работното место.

(2) Одговорноста на вработените од ставот (1) на овој член може да биде дисциплинска и/или материјална.
(3) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработениот.
(4) Дисциплинската и/или материјална одговорност на вработените во општината се утврдува со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници, Законот за локалната самоуправа, Законот за прекршоци, како и Законот за работни односи.

IX. Изменување, дополнување и следење на примената на колективниот договор

Член 55

(1) Овој Колективен договор ги обврзува и важи за вработените во општината кои се членови на Синдикатот и за вработените кои не се членови, а кои му пристапиле на колективниот договор, како и за останатите вработени по сила на закон.
(2) Правните норми содржани во овој Колективен договор се применуваат непосредно и се задолжителни за сите лица од ставот (1) на овој член кои имаат статус на државни службеници и кои вршат административно – технички и помошни работи во општината.

Член 56

(1) Страните на овој Колективен договор и лицата на кои се применува, се должни да ги извршуваат неговите одредби.
(2) Заради повреда на обврските од овој Колективен договор, оштетената страна или лице на кои тој се применува може да бара надомест за претрпена штета.
(3) Секоја страна потписник на овој Колективен договор може да предложи измена и дополнување на овој Колективен договор.
(4) Предлогот за измена и доолнување се доставува во писмена форма до другиот учесник кој е должен да се изјасни во рок од 30 дена.
(5) Во случај ако другата страна не го прифати предлогот за изменување и дополнување или не се изјасни по истиот во дадениот рок од став (4) од овој член, страната предлагач може да започне постапка за усогласување пред арбиражниот совет.

Член 57

(1) Постапката за усогласување започнува со поднесување на писмено барање на еден од потписниците на Колективниот договор и треба да заврши во рок од 30 дена од поднесување на барањето.
(2) Во рок од 10 дена од поднесувањето на барањето за усогласување се формира комисија за усогласување.
(3) Комисијата ќе биде составена од 5 членови и тоа:
- по 1 претставник од потписниците на Колективниот договор;

- двајца членови од редот на вработените во општината во согласност со потписниците на Колективниот договор.

(4) Секое усогласување што учесниците ќе го постигнат мора да биде во писмена форма.

(5) Со усогласение ставови учесниците задолжително пристапуваат кон изменување и дополнување на Колективниот договор.

Член 58

(1) За следење на примената и за давање толкување на одредбите на овој Колкетивен договор учесниците формираат комисија за следење и толкување.

(2) Секој од учесниците на овој Колективен договор именува по два члена во комисијата, во рок од 15 дена од склучувањето на овој колективен договор.

X. Преодни и завршни одредби

Член 59

(1) Овој Колкетивен договор се склучува на пределено време за период од 2 години со можност за продолжување со писмена спогодба на страните на договорот.

(2) Овој Колективен договор може да продолжи да важи ако страните во договорот, најдоцна 30 дена пред истекот на важењето склучат писмена спогодба со која ќе го продолжат важењето на овој Колективен договор.

(3) Доколку не дојде до продолжување на овој Колективен договор или склучување на нов по истекот на времето на важење, неговите одредби се применуваат и важат се до склучување на нов или негово продолжување.

Член 60

(1) Колективниот договор и сите негови измени и дополнувања, јавно се објавуваат на огласна табла на работодавачот и на веб страната на потписниците.

(2) Овој Колективен договор стапува на сила со денот на склучувањето, ќе се применува од денот на неговото објавување.

(3) Објавениот текст на Колкетивниот договор се публикува во соодветен број на примероци кои се доставуваат на вработените.

(4) Работодавачот, односно синдикалната организација имаат обврска на секој вработен да му овозможат увид на овој Колективен договор.

(5) Овој Колективен договор се евидентира кај Синдикатот.

Претседател на Синдикатот на САДУ	Претседател на СО при Општина Новаци	Градоначалник на на Општина Новаци
Благоја Ралповски	Игорче Ристески	Стевче Стевановски